**ТЕНДЕРСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА НАБАВКА НА**

**УСЛУГА ЗА ПРЕВОЗ НА ВРАБОТЕНИ ОД РАДОВИШ ДО БУЧИМ**

**Радовиш,Февруари 2026**

## ИНСТРУКЦИИ ЗА ПОНУДУВАЧИТЕ

### 1. Купувач

Купувач е ДПТУ Бучим ДООЕЛ Радовиш со адреса : Свети Спасо Радовишки бр.1, Радовиш, електронска адреса: tender@bucim.mk

### 2. Предмет на набавката

2.1. Предмет на договорот за набавка е набавка на услуга – превоз за вработените од Радовиш до Рудник Бучим и површински коп Боров Дол.
2.2. Детален опис на предметот на договорот е даден во техничките спецификации во прилог на оваа документација.
2.3. Предметот на договорот е неделив. Понудувачот во својата понуда треба да ги вклучи сите составни елементи. Во спротивно понудата ќе се смета за неприфатлива.
2.4. Купувачот го задржува правото да не ја реализира целата вредност на договорот.
2.5. Времетраењето на договорот е за период од 15 месеци односно од 01.04.2026 година до 30.06.2027 година.

### 3. Утврдување на способност

#### 3.1. Лична способност

Секое заинтересирано лице кое сака да учествува во изборот на најповолен понудувач треба да ги исполнува следните услови:

- Да биде регистрирано во Централен регистар на РСМ со основна дејност – Превоз на патници;
- Да нема забрана за вршење на дејност;
- Да не е капитално управувачки и роднински поврзано со некои од раководните органи или вработени во правното лице ДПТУ Бучим ДООЕЛ Радовиш.
- да има завршна сметка за 2024 година.

Понудувачот за да ја докаже личната способност треба да достави:

- Тековна состојба не постара од 3 дена од денот на поднесување на понудата издадена од страна на Централен Регистар на РСМ;
- Документ за регистрирана дејност;
- Тековна состојба за вистински сопственици издадена од Централен Регистар на РСМ;
- Потврда од Централен регистар на РСМ дека не е изречена забрана за вршење дејност;
- Завршна сметка за 2024 година
- Изјава дека правното лице, сопственикот и управителот не се капитално управувачки и роднински поврзани со некои од раководните органи или вработени во правното лице ДПТУ Бучим ДООЕЛ Радовиш.

#### 3.2. Техничка способност

- Секое заинтересирано лице кое сака да учествува во изборот на најповолен понудувач треба да ги исполнува следните услови:
- Да поседува Лиценца за слободен превоз на патници и посебен линиски превоз на патници издадена од Министерство за транспорт и врски на РСМ во текот на важење на Договорот;
- Да поседува најмалку 3 (три) возила со минимален капацитет за превоз на најмалку од 51 патник;
- Превозните средства треба да исполнуваат минимален еколошки стандард од ЕУРО 5;
- Превозните средства да бидат регистрирани и технички исправни:
- Превозните средства да поседуваат квалитетен систем за греење и ладење.

Понудувачот за да ја докаже техничката способност треба да достави:

- Лиценца за вршење на превоз на патници на правното лице;
- Копија од Извод од лиценца за превоз на патници за секое превозно средство;
- Копија од Потврдата за исполнување на посебните техничко-експлоатациони услови со кое се докажува емисионата класа на возилата;
- Список на возила што се користат со старост и капацитет;

- Сообраќајна дозвола на име на Друштвото кое доставува понуда (доколку Сообраќајната дозвола е на друго правно лице, потребен е документ со кој се потврдува правото на користење на превозните средства - лизинг) на најмалку 3 автобуси со минимален капацитет од 51 седишта;
- Доказ за извршен технички преглед не постар од 6 месеци од денот на поднесување;
- Возилата треба да бидат подготвени за работа и да бидат беспрекорни по изглед и совршени техничка состојба;
- Каросеријата на возилото треба да биде во добра целокупна состојба, оштетување на каросеријата на автобусот, 'рѓа или други видливи оштетувања не се прифаќаат;
- Возилата мора да ги почитуваат задолжителните безбедносни прописи на Клиентот кои вклучуваат цврст патнички простор, сигурносни појаси и други услови според Закон за безбедност и сообраќај на патиштата;
- Во автобусите мора да има противпожарен апарат за спречување и гасење пожар, како и чекани за кршење прозорци во случај на потреба;
- Патничките прегради треба да бидат во добра состојба па така, оштетен или извалкан тапацир внатре не е прифатлив;
- Било какви импровизации во автобуси (на пр. врати фиксирани со ремени итн.) или транспорт на контејнери со лубриканти или горива, резервни делови итн. е забрането во просторот за патници;
- Да поседува најмалку 1 (едно) резервно возило.
- Превозните средства да бидат во исправна состојба, со важечка сообраќајна дозвола и поминат задолжителен технички преглед не постар од 6 месеци;
- Изјава дека превозните средства да поседуваат квалитетен систем за греење и ладење;

## 4. Понуда

Понуда се состои од:

- Пополнет образец на понуда;
- Пополнета листа на цени;
- Докази за исполнување на личната способност;
- Докази за исполнување на техничката способност;
- Период на важност на понудата ќе изнесува 60 дена од денот на нејзиното доставување;
- **Рок на доставување на документација: 18.02.2026 година.**

### 4.1. Начин на доставување на документацијата:

Понудата се поднесува во согласност со тендерската документација, со користење на обрасците дадени во прилог.

Понудувачот во листата на цени ја внесува цената за секоја позиција поединечно.

Понудата се поднесува во електронска форма и истата треба да биде електронски потпишана со користење на дигитален сертификат од одговорното лице на економскиот оператор или лице овластено од него. Доколку понудата ја потпишува лице овластено од одговорното лице, во прилог се доставува и овластување за потпишување на понудата потпишано од одговорното лице. Понуди потпишани со дигитален сертификат чиј носител е лице кое нема никакво овластување за потпишување на понуда ќе бидат отфрлени како понуди со формални недостатоци.

Документите издадени од Централен регистар на РСМ треба да се електронски потпишани од страна на издавачот.
Електронската адреса за доставување на понуда и документација: **tender@bucim.mk**
Предмет(Subject) на пораката: **TEN-016**

Сите документи се доставуваат само по електронски пат. Документација пратена на друга електронска адреса или доставена во хартиена форма нема да се разгледува и ќе се смета за неуредно доставена документација што води кон дисквалификација на понудувачот.

По завршување на изборот за најповолен понудувач сите понудувачи кои доставиле понуди кои ги исполнуваат условите ќе бидат известени за одлуката за прифаќање / одбивање на доставената понуда.
Известувањето е од информативен карактер и не предизвикува правни последици.

## 5. Задолжителни елементи од договорот за набавка

### 5.1. Начин на плаќање

Се предвидува следниов начин на плаќање: одложено плаќање во рок од 60 дена по достава на фактура за испорачани услуги. Секоја понуда која содржи начин на плаќање поинаков од оној утврден во оваа точка ќе се смета за неприфатлива и како таква ќе биде одбиена.

### 5.2. Рок и место и начин на испорака

Превозникот се обврзува да обезбеди 7 (седум) дена во неделата превоз на минимален број од 50 патници во една насока по поединечен превоз, согласно распоредот даден во техничката спрцификација.

### 5.3. Разлики во цена (корекција на цени)

Не се предвидува корекција на цените, односно цените искажани во понудата на најповолниот понудувач ќе бидат фиксни за целото времетраење на договорот за набавка.

### 5.4. Авансно плаќање

За извршување на договорот за набавка не е дозволено авансно плаќање.

## Технички спецификации

1.1. МЕСТА НА ПОАЃАЊЕ И ВРЕМЕНСКИ ИНТЕРВАЛИ НА ПОАЃАЊЕ И ВРАЌАЊЕ ВО НЕРАБОТНИ ДЕНОВИ (САБОТА, НЕДЕЛА И ДРЖАВНИ ИЛИ ВЕРСКИ ПРАЗНИЦИ) – 3 СМЕНИ:

1.1.1. Релација за поаѓање на автобус број 1 во три смени – Радовиш – Бучим – Радовиш:

| Време на поаѓање и враќање | | | Локација на поаѓање сменски од Радовиш – Бучим |
|---|---|---|---|
| Прва смена | Втора смена | Трета смена | |
| 05:15 часот | 13:15 часот | 21:15 часот | Прва станица - Основно училиште Никола Карев (горно школо) |
| 05:17 часот | 13:17 часот | 21:17 часот | Втора станица – Кеј 8-ми Септември ( Ѓоше Пандето) |
| 05:20 часот | 13:20 часот | 21:20 часот | Трета станица – нас. Куклевица ( Бучимски бараки) |
| 05:22 часот | 13:22 часот | 21:22 часот | Четврта станица – Тера маркет (кружен тек на почетокот на булеварот) |
| 05:25 часот | 13:25 часот | 21:25 часот | Петта станица – Кит – Го маркет (на самиот булевар) |
| 05:30 часот | 13:30 часот | 21:30 часот | Шеста станица - автобуска постројка кај поранешен Монопол за тутун |
| 05:45 часот | 13:45 часот | 21:45 часот | Пристигнување на работниците во рудникот Бучим |
| **06:15 часот** | **14:15 часот** | **22:15 часот** | **Враќање од рудникот од прва, втора и трета смена по редослед од шестата станица на назад** |

1.1.2. Релација за поаѓање на автобус број 2 во три смени – Радовиш - површински коп Боров Дол – Радовиш:

| Време на поаѓање и враќање | | | Локација на поаѓање сменски од Радовиш – површински коп Боров Дол |
|---|---|---|---|
| Прва смена | Втора смена | Трета смена | |
| 05:15 часот | 13:15 часот | 21:15 часот | Прва станица - Основно училиште Никола Карев (горно школо) |
| 05:17 часот | 13:17 часот | 21:17 часот | Втора станица – Кеј 8-ми Септември ( Ѓоше Пандето) |
| 05:20 часот | 13:20 часот | 21:20 часот | Трета станица – нас. Куклевица ( Бучимски бараки) |
| 05:22 часот | 13:22 часот | 21:22 часот | Четврта станица – Тера маркет (кружен тек на почетокот на булеварот) |
| 05:25 часот | 13:25 часот | 21:25 часот | Петта станица – Кит – Го маркет (на самиот булевар) |
| 05:30 часот | 13:30 часот | 21:30 часот | Шеста станица - автобуска постројка кај поранешен Монопол за тутун |
| 05:45 часот | 13:45 часот | 21:45 часот | Пристигнување на работниците во рудникот Боров Дол |
| **06:15 часот** | **14:15 часот** | **22:15 часот** | **Враќање од рудникот од прва, втора и трета смена по редослед од шестата станица на назад** |

2.1. МЕСТА НА ПОАЃАЊЕ И ВРЕМЕНСКИ ИНТЕРВАЛИ НА ПОАЃАЊЕ И ВРАЌАЊЕ ВО РЕДОВНИ РАБОТНИ ДЕНОВИ (ПОНЕДЕЛНИК – ПЕТОК) без државни празници – 4 СМЕНИ:

2.1.1. Релација за поаѓање на автобус број 1 во дневна смена – Радовиш – Бучим – Радовиш:

| Време на поаѓање | Локација на поаѓање – Радовиш – Бучим |
|---|---|
| 07:15 часот | Прва станица - Основно училиште Никола Карев (горно школо) |
| 07:17 часот | Втора станица – Кеј 8-ми Септември ( Ѓоше Пандето) |
| 07:20 часот | Трета станица – нас. Куклевица ( Бучимски бараки) |
| 07:22 часот | Четврта станица – Тера маркет (кружен тек на почетокот на булеварот) |
| 07:25 часот | Петта станица – Кит – Го маркет (на самиот булевар) |
| 07:30 часот | Шеста станица - автобуска постројка кај поранешен Монопол за тутун |
| 07:45 часот | Пристигнување на работниците во рудникот Бучим |
| **16:15 часот** | **Враќање на работници од рудникот по редослед од шестата станица на назад** |

2.1.2. Релација за поаѓање на автобус број 2 во дневна смена – Радовиш – површински коп Боров Дол – Радовиш:

| Време на поаѓање | Локација на поаѓање –Радовиш – површински коп Боров Дол |
|---|---|
| 07:15 часот | Прва станица - Основно училиште Никола Карев (горно школо) |
| 07:17 часот | Втора станица – Кеј 8-ми Септември ( Ѓоше Пандето) |
| 07:20 часот | Трета станица – нас. Куклевица ( Бучимски бараки) |
| 07:22 часот | Четврта станица – Тера маркет (кружен тек на почетокот на булеварот) |
| 07:25 часот | Петта станица – Кит – Го маркет (на самиот булевар) |
| 07:30 часот | Шеста станица - автобуска постројка кај поранешен Монопол за тутун |
| 07:45 часот | Пристигнување на работниците во рудникот Боров Дол |
| **16:15 часот** | **Враќање на работници од рудникот по редослед од шестата станица на назад** |

**Образец на понуда**

**Врз основа на огласот број 016 објавен од страна на ДПТУ Бучим ДООЕЛ Радовиш за доделување на договор за набавка на услуга за превоз на вработени, ја поднесуваме следнава:**

**<u>П О Н У Д А</u>**

1. **Општ дел**

| | |
|---|---|
| **Име на понудувачот (фирма)** | |
| **Адреса:** | |
| **Телефон:** | |
| **Факс:** | |
| **Е-пошта:** | |
| **Лице за контакт:** | |
| **Мобилен телефон на лицето за контакт:** | |
| **III.1.3. Одговорно лице (директор/управител):** | |
| **III.1.4. Даночен број:** | |
| **ЕМБС:** | |

Согласни сме да ја дадеме оваа понуда за предметот на договорот за набавка согласно со цените дефинирани во Листата на цени.

Со поднесување на оваа понуда, во целост ги прифаќаме условите предвидени во огласот и тендерската документација

**2. Техничка понуда**

**3. Финансиска понуда**

3.1. Детален приказ на вкупната цена на нашата понуда е даден во следнава листа на цени: Листата на цени е дадена во прилог на тендерската документација.

3.2. Нашата понуда важи за периодот утврден во тендерската документација.

3.3. Со поднесување на оваа понуда, во целост ги прифаќаме условите предвидени во тендерската документација**.**

**Листа на цени :**

| **Ред. Бр.** | **Опис** | **Количина** | **Единечна цена (износ без ДДВ)** | **Единечна цена (износ со ДДВ)** |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Цена на услуга за еден превоз на релација Радовиш – Бучим – Радовиш (т. 1.1.1.) | **1** | | |
| **2.** | Цена на услуга за еден превоз на релација Радовиш – површински коп Боров Дол – Радовиш (т. 1.1.2.) | **1** | | |
| **3.** | Цена на услуга за еден превоз на релација Радовиш – Бучим – Радовиш (т. 2.1.1.) | **1** | | |
| **4.** | Цена на услуга за еден превоз на релација Радовиш – површински коп Боров Дол – Радовиш (т. 2.1.2.) | **1** | | |
| **5.** | Вкупна цена (збир од т.1 до т.4) | | | |

Начин на плаќање:_______________________________________________________________________.

**Место и датум** **Одговорно лице***

_____________

*Овој образец не се потпишува своерачно, туку исклучиво електронски со прикачување на валиден дигитален сертификат чиј носител е одговорното лице или лице овластено од него. Кога електронски потпишува овластеното лице, тогаш се пополнува со генералии од одговорното лице, а електронскиот потпис е од овластеното лице.